ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **10.08.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

- Да се подготви предлог План за вработување на општина Крива Паланка за 2021 година до 31.08.2020 година, како и за останати локални институции.
- Да се одржи сосстанок со Урбанизам за преземање на мерки за измена на ГУП и ДУП заради постапките за ЈПП за касарна и пожарна, ЈПП за мост и ЈПП за градски базен.
- Да се води контрола за работноо време и активностите во рамките на работното време
- Да се види со налозите за наплата на штета од комуналните редари, да се продолжи постапката за наплата на мандатните казни.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој на општината Мартин Николовски беше дадено известување во

врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

- Раководителот на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој да го преземе менаџирањето и кординацијата на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија до решавање на кадрово именување на Раководител на тоа одделение.
- Да се разгледа Барањето поднесено од Гранит со надлежните Одделенија за одлагање на градежен шут.
- Да се планира за првата недела од септември промоција на стратегијата за туризам.
- Да се достави покана до Американската амбасадорка за присуство на свеченост по повод денот на градот 8-ми Октомври .
- Да се пуштат предлозите за експропријација за Цонев Рид и Мождивњак до имотно правни односи.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

- Да се достават опомени за данок на имот по пошта.
- Да се спреми нова листа за проценка на објекти според големина на попвршините за легализација.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се спрема Одлука врз основа на доставен записник за примопредавање на фитнес справи и видео камари на одржување на ЈП Комуналец.

-Да се информира фирмата за крпење на ударни дупки за интрвенција за крпење кај градинка ,Борчева кафеана и Осичка маала.

-Тони да биде лице контакт со фирмата за издградба на Европска куќа.

-Да се поднесе барање за одобрување за водење на подолжни инсталации за канализација за Бурови Бавчи.

-Да се даде налог на Мелтон за санирање на оштетените мостови.

-Да се доставува пресметка до Одделението за финансии за бесправно изградените објекти, а од службите да контактираат со лицата на чие име се водат решенијата.

-Блаже да извади имотни листови на бесправно легализираните објекти за проценка.

-Да се направи увид на патот во Конопница, и ако има спорпви да се надминат.

-Да се види со Наум за ажурирана подлога за водовод во с.Варовиште.

-Да се закаже состанок со комисијата за градежно земјиште.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се продолжи со работа околу поставување на знаци и обележување на сообраќајни линии.

-Да се спреми Одлука за усвојување на собраќајниот елаборат.

-Да се преземат активности за изменување на ГУП и ДУП за А2 согласно потрбите на Општина Крива Паланка.

-Да се доставува пресметка до Одделението за финансии за бесправно изградените објекти.

-Да ги посети објектите со предпостор градежниот испектор околу плаќањето на такасата за користење на просторот.

-Да се закаже состанок со комисијата за урбанистички плнови и ЈПП.

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет Биљана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

- Да се закаже седница на совет за 25.08.2020 година и координација на советнички групи на 18.08.2020 година .
- Да се направи измена на План за јавни набавки и да се распишат тековните набавки.
- Задолжените Решенија за данок на имот, фирамарини и решенија да бидат однесени до 20.08.2020 година.
- Во договорите по јавни набавки да се предвидува санација на оштетени површини од изведувачит на сметка на изведувачот.
- Да се побарат цени за печатење на стратегија за туризам од печатници.
- Да се спреми Одлука за референтна вредност во повикот за ЈПП за улично осветлување.

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде пеоритет за косење на тревата во Централното градско подрачје.

-Да се собира сметот околу континерите при собирање на сметот од континерите.

-Да се искоси тревата по пешачката патека висока зона.

-Да се премостат сите водоводни инсталации на новиот водоводен систем кај местото викано Самсара.

-Да се назначи лице за обука за управување на возилата за смет кои треба да стигна на 19.08.2020 и 03.09. 2020 година.

-Да се започне со подготвителни активности за стена на ул. Лисец и калдрмата кај црква.

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Да се достават матријали за седница на совет до 17.08.2020 година до Одд.за правни и општи работи
- Да се состане во втоник 11.08.2020 година Комисијата за располагање со градежно земјите и да се заземе став околу продажбата на лоаклитетот Треска.

-Бранко да исконтактира со фирмата за отстранување на нелегално отстранети објекти.

-Да се води контрола на собирањето на смет од страна на комуналните редари.

**10.08.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Биљана Тасевска**